ЈКП „ВОДОВОД“н.ИЛИНДЕН

Јавно комунално претпријатие
ВОДОВОД
бр 01-362/1
17.12 2025 год.
н. Илинден, Илинден

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ
## НА ЈКП „ВОДОВОД“ н.ИЛИНДЕН ЗА 2026 ГОДИНА

Илинден, 16.12.2025 година

# СОДРЖИНА

ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА .... 3
ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА .... 3
1. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ .... 4
1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОД .... 6
1.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПУМПНИ СТАНИЦИ И РЕЗЕРВОАРИ .... 7
1.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТ И ЛИЦА .... 10
1.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ .... 10
1.5. ФИНАНСИСКО – СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ .... 12
1.6. ПРАВНИ, ОПШТИ И КАДРОВИ РАБОТИ .... 15
2. ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ .... 16
ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА .... 18
НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА .... 18

## ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Главната цел на Програмата за работа и развој на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за 2026 година е да се определат и дефинираат техничко-оперативните, комерцијалните, финансиските и организациските активности на препријатието со цел да се овозможи подобрување на перформансите при испорачување како на услугите за снабдување со вода за пиење, така и на услугите за собирање, одведување и пречистување на урбаните отпадни води.

## ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за работа и развој на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за 2026 година во себе содржи активности кои треба да овозможат подобрување на ефикасноста во работењето, континуирано обезбедување на здравствено исправна вода за пиење, поголема безбедност и сигурност во снабдувањето и квалитет на водната услуга согласно важечките стандарди, како и зголемување на покриеноста во делот на одведување и пречистување на урбаните отпадни води.

Извршувањето на сите овие активности бара големи залагања и сериозен пристап во планирањето на обемот и динамиката на реализацијата.

Имајќи предвид дека водата за пиење претставува една од основните потреби на секој човеков организам без која не може да се замисли човековиот развој, активностите кои ќе ги превземе ЈКП „Водовод“ н.Илинден на ова поле ќе бидат насочени кон квалитетно управување, одржување, целосна интерграција и модернизација на трите водоснабдителни системи со кои управува ЈКП „Водовод“ н.Илинден

Во Програмата за работа и развој на ЈКП „Водовод“ н.Илинден за 2026 година голем акцент се дава и на намалувањето на загубите на вода, како преку откривање на технички проблеми, така и преку елиминирање на нелегални приклучоци. Не треба да се занемарат и другите категории на загуби на вода, пред се вода за полевање на зелени површини и други комунални потреби.

Снабдувањето со вода и одведување на урбаните отпадни води преку водоснабдителниот и канализациониот систем, бара широк спектар на задачи за одржување, реконструкција и модернизација на истите, поради што е неминовно соодветно техничко доопремување со средства и опрема, согласно европските стандарди и важечките највисоки национални прописи, како и соодветно кадровско екипирање.

# 1. ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ

Врз основа на надлежностите утврдени со Закон, Одлуката за основање на претпријатието и Статутот на претпријатието во хиерархиската поставеност утвдени се следните нивоа:

- Директор,
- Служби и
- Одделенија.

Во рамките на Претпријатието егзистираат следните организациони единици:

- 2 (две) служби и
- 7 (седум) одделенија

**Табела 1:** Број на вработени по организациски единици

| Опис | Број на работни места | Состојба 31.12.2025 |
|---|---|---|
| | 1 | **1** |
| **1. Менаџмент** | 1 | 1 |
| 1.1. Директор | **9** | **1** |
| **2. Административна служба** | 1 | 0 |
| Раководител | | |
| 2.1 Одделение за општи, правни работи и управување со човечки ресурси | 5 | 0 |
| 2.2. Одделение за финансии и сметководство | 3 | 1 |
| **3. Стручна служба** | **69** | **48** |
| Раководител | 1 | 0 |
| 3.1. Одделение за водоводна мрежа и одржување | 26 | 18 |
| 3.2. Одделение за санитарна контрола и управување со пумпни станици и резервоари | 16 | 13 |
| 3.3. Одделение за третман на отпадни и атмосферски води (канализационен систем) | 8 | 6 |
| 3.4. Одделение за експлоатација на возниот парк и одржување на капацитетите | 8 | 4 |
| 3.5. Одделение за обезбедување и ПП заштита | 10 | 7 |
| **Вкупно вработени** | **79** | **50** |

Структурата на вработените согласно степен на завршено образование изнесува:

- високо образование - 10%
- средно образование - 84%
- основно образование - 6%

Во претпријатието има и вкупно 10 привремено вработени лица ангажирани преку Агенција за привремени вработувања распоредени на работни места согласно потребите на претпријатието од работници за извршување на дополнителни работи. Согласно законската регулатива и во зависност од потребите на претпријатието се

вршат обуки на вработените во областа на јавните набавки, обуки на вработените за нови технологии, обуки за безбедност на храна и др.

# 1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВОДОВОД

Во одделението за водовод се изведува постојано одржување во исправна состојба на водоводната мрежа, заедно со соодветните објекти, уредите и куќните приклучоци, редовна контрола и извршување на потребните активности во рамките на редовното и инвестиционо одржување, активности околу проширување, замена на одредени делови од водоводната мрежа, редовно испитување и анализа на работата на водоводниот систем и одржување на оптимален режим, отстранување на настанатите дефекти, испитување на квалитетот на испорачаната вода, функционалност на воздушните вентили и пропратната опрема, елиминирање на слепи краци и испирање на водоводната мрежа, како и откривање и евидентирање на диво приклучените корисници на водоводната мрежа.

Водоводната мрежа за дистрибуција на вода за пиење се состои од примарна водоводна мрежа во вкупна должина од 66.709 метри и секундарна водоводна мрежа во должина од 165.117 метри.

Водоснабдителниот систем ОКТА има вкупна должина од 11.500 метри, вклучувајќи главен вод со димензија Ф400 димензиониран за проток од 120 l/s.

Водоснабдителниот систем ТИР3 со кој во моментов стопанисува ЈКП „Водовод“ н.Илинден има вкупна должина од 6.900 метри, вклучувајќи главен вод со димензија Ф650 димензиониран за проток од 169 l/s.

Зголемување на капацитетот на постојната водоводна мрежа ќе се врши во согласност со динамиката на изградбата на новопредвидените станбени и комерцијални објекти во текот на 2026 година.

Планирани се средства за реконструкција и рехабилитација на постојната водоводна мрежа во населените места Илинден и Кадино, во согласност со утврдените приоритети, а исто така се планира и изработка на проект за одржување, интеграција и модернизација на трите водоснабдителни системи со кои стопанисува и управува ЈКП „Водовод“ н.Илинден.

### ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Позначајни тековни активности во одделението за водовод:

- Одржување и контрола на водоводната мрежа;
- Замена на дотраени вентили;
- Санирање на дефектите на водоводна мрежа и приклучоци;
- Перманентно прочистување на водата од водоводната мрежа преку испуштање од хидранти;
- Во втората половина на месец март ќе се пуштат во функција јавните чешми во населените места;
- Во текот на месец ноември ќе бидат затворени јавните чешми со започнување на зимскиот период;

- Санација на дефекти откриени со напредни технологии за детекција на истекување со цел намалување на загуби;
- Читање и евидентирање на состојби на водомери (од 01 до 31 во месецот), достава на сметки за потрошена вода (за изминатиот месец од 01 до 10 во тековниот месец), дополнителни отчитувања по налог (од 01 до 31 во месецот), откривање на диви корисници, констатирање за промена на шифра на корисник, достава на контролни опомени и известувања по разни основи (од 01 до 31 во месецот);
- Спроведување на акциите: пломбирање на броила, потрошувачка на вода 0 (нула) $m^3$, потрошувачка на минимална количина на вода (1÷5) $m^3$, елиминација на нефункционален водомер и исклучување на бесправно приклучени корисници.

**РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ**

За 2026 година планирани се следните развојни активности:

- Реконструкција на дел од главен цевковод Ф280 во н.м.Кадино;
- Поврзување (бајпас) на цевководите ТИРЗ и ОКТА
- Реконструкција и санација на затворачи, воздушни вентили и фасонски делови;

# 1.2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПУМПНИ СТАНИЦИ И РЕЗЕРВОАРИ

Одделението за пумпни станици и резервоари ракува со пумпите и прави следење на нивната експлоатација, врши тековно одржување на пумпите и одржување на објектите на пумпните станици и резервоарите, извршува операции за испумпување на вода, постојано следење на нивото на водата во резервоарите нивно чистење и одржување, хлорирање на водата и контролирање и евидентирање на резидуалниот хлор во водата, евидентирање на нивото на водата во резервоарите и притисокот во водоводната мрежа и навремено известување за евентуално настанатите промени.

Водоводниот систем за снабдување со вода на Општина Илинден, Петровец и Гази Баба се снабдува со вода која се испумпува со пумпи од бунарите кои се наоѓаат во населеното место Јурумлери во Општина Гази Баба.

Во пумпната станица Јурумлери се наоѓаат четири бунари во кои се инсталирани четири потопни пумпи со електромотори, секоја пумпа со капацитет од приближно 40 l/s (еден бунар е резервен). Дистрибуцијата на вода се одвива преку главни цевководи се до резервоарот кој се наоѓа во населеното место Бунарџик (во кругот на ТИРЗ Скопје 1) и е со капацитет од 1.000 $m^3$, поделен во две комори со по 500 $m^3$.

Од резервоарот во Бунарџик водата се препумпува кон резервоарот во населено место Ајватовци кој е со капаците од 500 $m^3$, како и до резервоарот во Бучинци кој е со капаците од 100 $m^3$. Нивото на водта во резервоарите во населените места Ајватовци и Бучинци се следи преку инсталиран систем за следење на нивото на водата во

резервоарите. Главниот цевковод кој го снабдува населеното место Бучинци поминува близу населеното место Мршевци кое во моментов има сопствен водоводен систем.

Водоснабдителниот систем ОКТА со кој во моментов стопанисува ЈКП „Водовод" н.Илинден има вкупна должина од 11,5 km, вклучувајќи главен вод со димензија Ø400 димензиониран за проток од 120 l/s. Хидрауличниот систем за снабдување на населените места од Општина Илинден се снабдува со вода која се испумпува со пумпи од бунарите кои се наоѓаат во населеното место Јурумлери во Општина Гази Баба. Во пумпната станица Јурумлери се наоѓаат 5 (пет) бунари на кои се инсталирани четири потопни пумпи со електро мотори, секоја пумпа со капацитет од околу 45 l/s и снага од околу 15 kW. Еден бунар се користи како резервен. Водата се собира во собирен колектор (резервоар) со капацитет од 72 $m^3$ каде со една потопна пумпа со моќност од 132 kW водата преку главниот цевковод се дистрибуира до резервоарот лоциран во кругот на ОКТА АД во н.м.Миладиновци со капацитет од 5.000 $m^3$.

Водоснабдителниот систем ТИРЗ со кој во моментов стопанисува ЈКП „Водовод" Илинден има вкупна должина од 6.900 метри, вклучувајќи главен вод со димензија Ø560 димензиониран за максимален проток од 169 l/s. Бунарите од системот ТИРЗ со пумпната станица се лоцирани во месноста викана Јасика, во атарот на Општина Илинден, во делот помеѓу автопатот "Скопје-Куманово" и асфалтниот пат "населба Илинден - населба Јурумлери". Изведени се три бунари со длабочина од 42 m. Во бунарите се поставени бунарски потопни пумпи, секоја пумпа е со максимален капаците од околу 41 l/s и снага од околу 53 kW. За обезбедување на исправна и безбедна вода за пиење во бунарското подрачје е изградена хлоринаторна станица за дезинфекција на водата. Како дезинфекционо средство ќе се користи гасен хлор, но во моментов се користи течен хлор. Станицата и опремата се во согласност со важечките законски прописи во нашата држава и е целосно автоматизирана. Во рамките на ТИРЗ Скопје 1 лоцирана е разделна шахта од каде потисниот цевковод се дели лево и десно за снабдување на корисниците во ТИРЗ Скопје 1 и ТИРЗ Скопје 2, а еден крак продолжува кон резервоарот. Резервоарот е поставен над н.м.Бунарџик, и е со капацитет од 2x1.500m3. Изработен е од армиран бетон, со две комори. Во моментов е изработена првата фаза од резервоарот со капацитет од 1.500m3, со две мокри комори и сува комора.

Табела 2: Планирано производство на вода во ЈКП „Водовод" н.Илинден

| Производство и снабдување | Единица мерка | 2026 |
|---|---|---|
| Производство на вода од бунари во Јурумлери | $m^3$/годишно | 2.600.000 |
| Производство на вода од бунари од системот ОКТА | $m^3$/годишно | 300.000 |
| Производство на вода од бунари од системот ТИРЗ | $m^3$/годишно | 300.000 |
| **Вкупно произведена вода** | **$m^3$/годишно** | **3.200.000** |

Вкупно планираната испорака на вода во 2026 година се предвидува да изнесува 3.200.000 $m^3$.

## ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Тековните активности се поделени во неколку основни категории според дефинираните позиции за работа:

- Одржување и контрола на пумпните станици и резервоари;
- Ракување со пумпите и следење на нивната експлоатација;
- Следење на нивото на водата во резервоарите;
- Управување со хлоринаторските станици;
- 24 часовно контролирање и евидентирање на резидуалниот хлор во водата;
- Хиперхлорирање на резервоарите согласно обврските од ХАССП системот;
- Анализа на вода за пиење (физичко-хемиска и микробиолошка анализа на вода);
- Во тек на месеците јуни и декември ќе се изврши дезинфекција, дезинсекција и дератизација во сите пумпни станици и резервоари.

## РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ

За 2026 година планирани се следните развојни активности:

- Воведување на фрекфентна регулација во Пумпна станица Јурумлери;
- Замена на старите дотраени пумпи со нови во пумпните станици Окта и ТИРЗ;
- Автоматизација на системот за гасно хлорирање во пумпната станица ТИРЗ.

## МОНИТОРИНГ И КВАЛИТЕТ НА ВОДА ЗА ПИЕЊЕ

Според најновите Законски решенија водата се третира како храна и подлежи на критериумите кои ги регулира Правилникот за барања за безбедност и квалитет на водата за пиење (Сл.вес. на РМ бр.183 од 2.10.2018 г.). Покрај овој Правилник, областа на водоснабдување од аспект на операционализација на критериумите за квалитет како обврска на дистрибутерот, во случајот, ЈКП „Водовод“ н.Илинден, ја регулира Законот за води и Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води. ЈКП „ВОДОВОД“ н.Илинден има склучено договор со акредитираната лабораторија на Проанализ - Струмица за физичко-хемиска и микробиолошка анализа на вода за пиење како и договор со Институт за Јавно Здравје - Скопје за периодични проширени анализи на вода согласно принципите на ХАССП системот.

Земањето на мостри за анализа се одвива во правилни временски интервали (еднаш месечно) од 6 или повеќе мерни места кои опфаќаат јавни установи (Општина Илинден, ЈОУДГ “Гоце Делчев” - Илинден, ООУ “Браќа Миладиновци” - Миладиновци, ООУ “Браќа Миладиновци” - Текија, ЈОУДГ “Морковче” - Јурумлери и ООУ “Кочо Рацин” – Петровец и повремено од ЈОУДГ „Гоце Делчев“ – колн - Миладиновци, Административна зграда на ТИРЗ Скопје 1 и СОСУ „Илинден“ - Илинден.

Вкупниот број на планирани мостри за анализа на вода за пиење изнесува околу 100 анализи.

Претпријатието располага со опремена Лабораторијата за физичко - хемиска и микробиолошка анализа на вода каде се вршат секојдневни анализи на водата за пиење со што се обезбедува поголема контрола на квалитетот на водата за пиење.

## 1.3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ИМОТ И ЛИЦА

Одделението за обезбедување на имот и лица е задолжено за непрекинато физичко обезбедување на имотот и објектите, изготвување на планот за обезбедување на објекти, имот и лица, следење и известување за евентуално настанатите промени, примена на ХТЗ и ПП заштита, познавање, употреба и ракување со огнено оружје согласно Законот за обезбедување на лица и имот и Законот за оружје и превенција, рано предупредување и справување со кризи во кризна состојба.

### ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Тековните активности се поделени во неколку основни категории според дефинираните позиции за работа:

- Непрекинато физичко обезбедување на имотот и објектите;
- Следење и известување за евентуално настанатите промени;
- Грижа за постојана примена на ХТЗ и ПП заштита.

### РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ

За 2026 година планирани се следните развојни активности:

- Изготвување на план за обезбедување на објекти, имот и лица, следење и известување за евентуално настанатите промени;
- Рано предупредување и справување со кризи во кризна состојба.

## 1.4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КАНАЛИЗАЦИОНЕН СИСТЕМ

Одделението за Канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води е одговорно за одведување и пречистување на отпадните води, тековно и инвестиционо одржување на канализациониот систем, одржување во исправна состојба на канализациониот систем и мрежа (фекални пумпни станици) и објектите на нив, ревизионите шахти, преливи, испусти и слично, интервенции со цистерни под притисок и вакуум, изведување приклучоци и вршење контрола на истите и тековно и инвестиционо одржување на пречистителните станици.

Канализационата мрежа за прифаќање и третман на отпадни води со која стопанисува ЈКП „Водовод“ н.Илинден во моментот опфаќа 9 припадни површини со 6 пречистители станици и тоа: населба Илинден - 2 (две) пречистителни станици и тоа ПП7 со должина на канализациона мрежа од 4.892 метри, 7 препумпни уреди и 102 ревизиони шахти, ПП8 со должина на канализациона мрежа од 4.419 метри, 3 препумпни уреди и 69 ревизиони шахти и Колекторски систем Илинден-Марино со

должина од 4.827 метри, 8 препумпни уреди и 126 ревизиони шахти, н.м. Марино - 2 (две) пречистителни станици и тоа ПП1 со должина на канализациона мрежа од 4.585 метри, 2 препумни уреди и 83 ревизиони шахти и ПП2 со должина на канализациона мрежа од 7.558 метри, 1 препумпен уред и 188 ревизиони шахти, н.м. Кадино - 2 (две) пречистителни станици и тоа ПП4 со должина на канализациона мрежа од 3.302 метри, 3 препумпни уреди и 110 ревизиони шахти и ПП3 со должина на канализациона мрежа од 4.515 метри, 1 препумпен уред и 70 ревизиони шахти, н.м.Миладиновци - 1 (една) пречистителна станица ПП1 со должина на канализациона мрежа од 4.400 метри, 2 препумпни уреди и 104 ревизиони шахти и Локалитет Јака со должина на канализациона мрежа од 7.888 метри, 1 препумпен уред и 189 ревизиони шахти.

## ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

Тековните активности се поделени во неколку основни категории според дефинираните позиции за работа:

- Одржување во исправна состојба на канализациониот систем и мрежа (фекални пумпни станици) и објектите на нив, ревизионите шахти, преливи, испусти и слично;
- Чистење, уредување и озеленување, осветлување и означување на просторот, објектите, постројките и опремата во пречистителните станици;
- Редовна контрола на критичните точки на канализациониот систем;
- Проверка на количеството на активна тиња во пречистителните станици;
- Приспособување на пречистителните станици за работа на летен режим (прва половина на месец април), односно зимски режим (прва половина на месец октомври);
- Едукација на корисниците за подигнување на јавната свест и одговорноста на секој субјект за предметите кои ги испушта во канализациониот систем.

## РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ

За 2026 година планирани се следните развојни активности:

- Изградба на колекторски систем за фекална канализација во н.м. Миладиновци, 200 метри;
- Изградба на фекална канализација ул.535 н.м. Марино, спроти градинка;
- Изградба на канализација крак ул.532 н.м Марино (кај Бисер кафана уличките), 300 метри;
- Изградба на фекална канализација ул.9 карши домот на култура во Илинден, 80 метри;
- Изградба на фекална канализација ул.9 во н.м.Илинден (позади стариот штаб на Сдс, 4 домаќинства), 160 метри
- Изградба на фекална канализација на ул.9 спроти зграда на општина, 100 метри;
- Изградба на фекална канализација во ромско маало Илинден во н.м.Илинден (без приклучоци), 300 метри;
- Изградба на фекална канализација на ул.8 н.Илинден- линија кај ЗЕГИН, 80 метри;

- Изградба на фекална канализација на ул.8 н.Илинден- крак пред белата куќа, 130 метри;
- Изградба на фекална канализација на ул.500 крак 2, стар паркинг НС (6 домаќинства) во н.м.Марино, 200 метри;
- Изградба на фекална канализација ул.500 во Марино, 10 домаќинства кај Германска куќа, 120 метри;
- Изградба на фекална канализација ул.534 (од КИМ до Тополка) – 8 домаќинства во Марино, 260 метри;
- Изградба на фекална канализација ул.406 н.м. Марино - крак 1, 160 метри;
- Изградба на фекална канализација ул.406 н.м. Марино - крак 2 (улица пред ЈАКА);
- Изградба на фекална канализација ул.116 ЈАКА, 740 метри;
- Изградба на фекална канализација ул.107 ЈАКА, 230 метри;
- Изградба на фекална канализација Дељадровци, 200 метри;
- Изгардба на фекална канлизација н.м Марино, Паланчикара Сакаш и др. времени објекти, 30 метри;
- Изградба на фекална канализација, крак на ул.2 н.м Миладиновци, 300 метри;
- Реконструкција на контејнери на ПС Марино ПП1, 3 контејнери;
- Реконструкција на контејнери на ПС Илинден ПП7, 3 контејнери;
- Реконструкција на контејнери на ПС Кадино ПП4, 3 контејнери;
- Набавка на пумпи за фекална вода, 6 пумпи;
- Поставување на приклучоци на канализционите системи.

### МОНИТОРИНГ И КВАЛИТЕТ НА ПРЕЧИСТЕНАТА ОТПАДНА ВОДА

Отпадните води кои се прифаќаат со канализационите системи со кои стопанисува ЈКП „Водовод" н.Илинден се пречистуваат и се испуштаат во отворени реципиенти. Степенот на пречистување на отпадните води е во согласност со Правилникот за поблиските услови за собирање, одведување и пречистување, начинот и условите за проектирање, изградба и експлоатација на системите и станици за пречистување на урбаните отпадни води, како и техничките стандарди, параметрите, стандарди на емисијата и нормите за квалитет на предтретман, отстранување и пречистување на отпадни води, имајќи го во предвид опторувањето и методот за пречистување на урбаните отпадни води кои се испуштаат во подрачјата чуствителни на испуштање на урбани отпадни води (Службен весник на РМ бр.73 од 2011 година).

Испитувањето на квалитетот на пречистените отпадни води согласно постоечката законска регулатива се врши во надворешна лабораторија минимум 2 (два) пати годишно, меѓутоа ЈКП „Водовод" н.Илинден.

## 1.5. ФИНАНСИСКО – СМЕТКОВОДСТВЕНИ РАБОТИ

ЈКП „Водовод"н.Илинден во 2026 година ќе цели кон унапредување на работните процеси во препријатието, зголемување на приходите и намалување на трошоците во

работењето на претпријатието, преку поголем ангажман на сите лица инволвирани во процесот.

**ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**

Претпријатието ги извршува следните тековните работи од својот делокруг:

- Изготвување на Инвестициона програма на Претпријатието, врз основа на развојните програми на одделенијата и Општина Илинден;
- Изработка на Финансиски план;
- Изготвување на тримесечен, полугодишен и деветмесечен финансиски извештај на Претпријатието;
- Изработка на финансиски показатели за остварувањата (процент на наплата потрошувачка на вода, приходи, расходи) и финансиска анализа за работењето на Претпријатието
- Подготвителни работи за составување на Годишната пресметка, во кои спаѓаат: пописите на основните средства, опремата, градежните објекти, усогласување на фактичката со сметководствената состојба врз основа на Правилник за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот ("Службен весник на РМ", бр.107/11), годишните отписи (приходување/расходување) и утврдување на кусоци и вишоци по попис;
- Изготвување на Годишната сметка каде покрај билансот на состојба, билансот на успех, даночниот биланс и белешките кон финансиските извештаи се изготвуваат и прегледи за посебни податоци, структура на приходи по дејности, извештај за парични текови и извештај за промени на капиталот;
- Извештаи до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги за 2025 година за секоја водна услуга поединечно;
- Изготвување на Бизнис план за плански период 2027-2029 година;
- Извештаи и анализи поврзани со работењето на претпријатието по барање на раководниот кадар на претпријатието;
- Изготвување на месечни прегледи за побарувања и обврски, за претходниот месец;
- Изготвување на ДДВ пријава и Табеларен преглед на побарувања и обврски (список на комintенти по фактури, со даночен број, назив, адреса, основица и ДДВ или по спецификација), најдоцна до 25[ти] во месецот, за претходниот месец;
- Примање, книжење на документи, евидентирање на настаните по приходни и трошоковни места за секоја водна услуга одделно (водоснабдување, одведување на отпадни води, третман на отпадни води, други помошни услуги - услуги кон трети лица и услуги за поддршка), изготвување на прегледи и биланси за вкупните состојби во тековниот период;
- Континуирано финансиско усогласување на меѓусебните побарувања и обврски со комintентите, врз основа на обезбедени конфирмации, како и достава на конфирмации до комintентите врз основа на обврската утврдена во Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот;

- Фактурирање на сите видови извршени услуги на ниво на Претпријатие (водоводни приклучоци, поправка на водомери, издавање на мислења за хидротехнички услови и др.) за правни и физички лица;
- Изготвување на предлози за меѓусебни компензации, проверка на добиените предлози за меѓусебни и повеќекратни компензации, реализирање на сите потпишани и заверени примероци и раскнижување на истите во евиденција.
- Изготвување на вонредни сметки, книжни одобренија и месечни извештаи за извршените налози;
- Евиденција на сите плаќања од жиро сметки и нивно раскнижување;
- Следење на сите уплати од услуги по банковите изводи;
- Пресметка на платата на сите редовни и времени вработени;
- Заверки на сите поединечни барања на вработените по основ на кредити, кредитни картички, потврди за нивните лични примања по разни основи и сл.
- Изработка на нови шифри за сите видови ново набавени стоки во Претпријатието и нивна имплементација во постојниот шифрарник;
- Сместувањето на стоките (материјалите), издавањето на истите од магацинот, водење на целокупната документација во врска со магацинското работење;
- Обработка и евиденција на документацијата: фактури, испратници, приемници и др.
- Склучување на договори за водоснабдување и собирање, одведување и прочистување на урбани отпадни води;
- Фактурирање на потрошената вода,
- Изготвување на дополнителни задолженија, книжни одобренија и месечни извештаи за извршените налози, евидентирање на нови корисници на услуги и по потреба промена на корисници во матичната евиденција;
- Наплата на сметки за сите месеци, наплата по тужби, наплата за поправка на водомери, наплата за исклучување и приклучување на водомери и наплата по други основи. Предавањето на наплатените средства се врши секојдневно.

## РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ

Во 2026 година ЈКП „Водовод" н.Илинден ќе овозможи:

- Електронска наплата на сметки за корисниците преку воведување на систем за наплата преку веб страната на претпријатието, со што би се олеснил начинот на плаќање, би се избегнале банкарските провизии кај корисниците и би се зголемил процентот на наплата на побарувањата;
- Можност за електронско пријавување на состојбата на броилото од самите корисници преку интернет страницата на Претпријатието;
- Воведување на електронско банкарство при плаќање на обврските на претпријатието;
- Надградба на софтверот Мегасофт комунал.

# 1.6. ПРАВНИ, ОПШТИ И КАДРОВИ РАБОТИ

Целите и задачите во делот на "Правни кадрови и општи работи" се огледуваат во обезбедувањето на правната основа и подршка на сите активности кои се одвиваат во Претпријатието што претставува предуслов за законско и правилно функционирање на целокупното работење. Претпријатието ја врши својата дејност согласно актуелните законски прописи и внатрешните акти на Претпријатието, со што се обезбедува заштита на имотот, побарувањата и правата на Претпријатието.

**ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ**

Претпријатието ги извршува следните тековните работи од својот делокруг:

- Изготвување на Програма за работа;
- Изготвување на тромесечен, полугодишен и деветмесечен извештај за работењето на Претпријатието;
- Годишен извештај за работењето на Претпријатието;
- Изготвување на Годишен план за вработувања;
- Спроведување на постапки за вработување;
- Персонална евиденција на вработените и лични досиеа на вработените;
- Изготвување на Правилници за ситематизација на работните места, внатрешна организација, интерни процедури и други акти поврзани со управувањето на човечките ресурси;
- Подготовка и реализација на стратешките приоритети, архивско и канцелариско работење, како и помошните и административни работи, законски и подзаконски акти;
- Изготвување на тужби, жалби, водење на судски постапки и застапување на претпријатието пред сите судови;
- Изготвување и комплетирање на соодветна документација за тужење на дадени фирми, врз основа на список за утужување на правни лица;
- Подготовка и стручна обработка на седниците на Управниот одбор и Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење;
- Спроведување на интерните процедури за водење на внатрешните постапки со цел ефикасна методолгија за законско спроведување на надлежностите во претпријатието и други општи надлежности;
- Спроведување на постапка за оценување на вработените;
- Изготвување на план за јавни набавки и спорведување на постапки за јавни набавки согласно планот за јавни набавки;
- Внесување на кварталната евиденција на платформата на Бирото за јавни набавки;
- Доставување на опомени за ненавремено плаќање до корисниците, за корисниците кои нема да го платат долгот по основ на опомена се доставува предлог до нотар за издавање на решение за нотарски платен налог врз основа на веродостојна исправа. Доколку побаруваниот износ не се плати и должникот не истакне приговор, предметот се испраќа до извршител.

### РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ

Имајќи го во предвид обемот на развојните активности на претпријатието, превземањето на нови водоснабдителни системи, како и континуираната изградба на нови пречистителни станици од страна на Општина Илинден, ЈКП „Водовод" н.Илинден за 2026 година планира:

- Воведување на електронски систем за евиденција.

## 2. ТЕХНИЧКА ОПРЕМЕНОСТ

Потребите за транспорт на работници и материјал, услуги од патнички, товарни и специјални возила и градежни машини се неопходни во работата на сите одделенија во ЈКП „Водовод" н.Илинден. Обврските и задачите произлегуваат од самата дејност на одделенијата.

### ТЕКОВНИ АКТИВНОСТИ

- Транспорт на лица и материјал со патнички, товарни возила, специјални возила за одржување на канализациски и водоводен систем и експлоатација на градежни машини за разни ископи и извршување на разни градежни и урбани активности кои се потребни за остварување на задачите кои ги извршува претпријатието;
- Одржување на објекти, пумпни станици и пунктови и изработка на разни елементи, сливници, решетки, капаци за шахти и разни други материјали кои се потребни за непречено извршување на задачите.

За спроведување на Програмата за работа и развој на ЈКП „Водовод" н.Илинден, претпријатието располага со градежна механизација, возила, машини и опрема и тоа:

- Два ровокопачи - кои се користат за ископ при отклонување дефекти, монтажа на нови приклучоци, цевоводи и други потреби на претпријатието;
- Три теренски возила (Лада Нива) со приколка - кои се користат за транспорт на работници и материјал;
- Четири моторни пумпи - кои се користат за испумпување вода од ров при отклонување дефекти на водоводната и канализационата мрежа и други места каде што има потреба;
- Машина за сечење асфалт и бетон - која се користи за сечење на асфалт и бетон при поставување на нови приклучоци и при поправка на дефекти на водоводната и канализационата мрежа;
- Машина за лепење на ПЕ цевки - која ќе се користи за челно заварување на ПЕ цевки со дијаметар до Ф315;
- Машина за набивање на тампон;
- Машина за пробивање на запушени канализациони линии;

- Цистерна за фекална вода за подобрување на ефикасноста во одржувањето на канализационата мрежа во однос на црпење на отпадна вода;
- Друг алат потребен за непречено извршување на работните задачи.

Возилата и градежните машини секојдневно се во експлоатација според потребите на одделенијата и се комбинираат заради ефективност и економичност.

**РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ**

Како резултат на извршените набавки во изминатите години на нови возила, машини и опрема, како и зголеменото ниво на тековното одржување возниот парк со кој располага ЈКП „Водовод“ н.Илинден се наоѓа во релативно солидна кондициона состојба. Затоа можеме да констатираме дека во добар дел се исполнети квалитативните и квантитативните норми потребни за поефикасно и поефективно искористување на возниот парк.

Кај некои категории на возила и градежни машини се јавува потреба за надополнување на постоечката бројка, со оглед на тоа што прилично е зголемен обемот на работа како во одделението за водовод, така и во одделението за канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води.

Оттука, како развојни активности се предвидени следниве набавки:

- Набавка на монтажна куќичка;
- Воведување на СКАДА систем за контрола на загубите на вода;
- Реконструкција на примарна водоводна линија Ф280 во н.м.Кадино во должина од околу 700 метри;
- Ровокопач;
- Патничко возило;
- Камион кипер
- Реконструкција на цевковод Ф150 во Бунарџик;
- Пумпна станица (Јака);
- Репарација на трафостаница ОКТА;
- Фрекфентна регулација на Пумпна станица Јурумлери;
- Опрема за пречистителна станица Миладиновци;
- Бунарски пумпи за вода;
- Поврзување во колекторскиот систем на останатиот дел од н.м Миладиновци;
- Изградба на препумпен уред фекална канализација-Марино ул.518;
- Опрема за доопремување на лабораторија;
- Замена на кров во ПС ТИРЗ.

Со набавката на овие возила би ја заокружиле тековната потреба на одделенијата со што поквалитетно и поефикасно би одговориле на поставените задачи.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Финансиските средства за реализацијата на Програмата за работа и развој на ЈКП „Водовод" н.Илинден ќе бидат обезбедени преку тарифите за водните услуги. За реализацијата на развојни активности ќе се бараат и дополнителни извори на финансирање (Буџет на о.Илинден, донации и други извори).

## НАДЗОР НАД ИЗВРШУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА

Надзор над извршувањето на Програмата за активностите околу обработката и испораката на вода за пиење и управување со канализациониот систем за прифаќање и третман на отпадни води на подрачјето на Општина Илинден за 2026 година врши надлежниот општински орган. Инспекцискиот надзор го вршат општинските комунални инспектори на Општина Илинден.

ЈКП „Водовод" н.Илинден

Директор

Ивица Трипуновски